РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08-4788/1
05.12 2019 год.
ВЕЛЕС

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 124/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18),

Градоначалникот на Општина Велес, на ден 05.12.2019 година донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Изработка на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од УЕ 3, УБ 24 и дел од УЕ 10 и УБ 52, КО Велес, Општина Велес, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 44/15 и 193/15), потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Како засегнати органи од имплементација на планскиот документ ДУП за дел од УЕ 3 УБ 24 и дел од УЕ 10 и УБ 52 КО Велес Општина Велес се определуваат следниве: Општина Велес, Министерство за животна срдина и просторно планирање и Министерство за транспорт и врски.
3. Изработката на планскиот документ ДУП за дел од УЕ 3, УБ 24 и дел од УЕ 10 и УБ 52, КО Велес, Општина Велес ќе има влијаније врз животната средина.
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземни и површински води, влијание врз почва, влијание по однос на генерирање на отпад, влијание врз квалитетот на амбиентниот воздух и влијание од несреќи и хаварии.
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Велес www.veles.gov.mk.
6. Донесувањето на планскиот документ опфаќа мала област која е од локално значење, а се планираат нови и се потврдуваат и прошируваат веќе постоечките градби со намена: Д1-парковско зеленило, А-домување, Б1-комерцијално-деловни намени, Е2 – комунална супраструктура. Речното корито на реката Вардар зафаќа дел од планскиот опфат како и железничката пруга со својот заштитен појас.
7. Против оваа одлука може да се поднесе жалба преку овој орган до Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на животна средина и просторно планирање, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната.

Со почит,

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски